РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.02.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 778/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за информатички, технички и консултантски услуги ДМС КОМУНИКАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Скопје Инфо“ (www.skopjeinfo.mk).

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која е должен, во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот да обезбеди објавување на следниве податоци:

- назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,
- име на одговорното лице на издавачот на медиум, и
- име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС КОМУНИКАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Скопје Инфо“, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС КОМУНИКАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, во импресумот на „Скопје Инфо“ (www.skopjeinfo.mk) не ги објавило податоците за:

- името на одговорното лице на издавачот на медиумот и
- името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за информатички, технички и консултантски услуги ДМС КОМУНИКАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Скопје Инфо“, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***